# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **26.11. 2013 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 15** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2013 година**

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2013 година бр. 0701 - 863, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев** ***с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/05, 20080) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2013 год.**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина **Свети Николе за 2013** година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | **Буџет** | **Самофинан.** | **Дотации** | **Донации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| **F20 Уредување на Градежно Земјиште** | | | | | |
| **485420** Надомест за одземен **имот** | **40.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **425980** Надзор над одржување на изградбата | **-40.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **N20 Средно Образование** | | | | | |
| **464990 Други Трансфери** | **0** | **0** | **74.551** | **0** | **0** |
| **401130 Основни Плати – други вработени** | **0** | **0** | **-74.551** | **0** | **0** |

0 0 0 0 0

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина **Свети Николе** и станува составен дел на Буџетот на Општината за **2013** година.

**Бр. 0701-863**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка на ДУП за дел од населба "Лиска"**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка на ДУП за дел од населба "Лиска"бр. 0701 - 864, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/2**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на чл.11 став 1 и чл.26 став 5 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ((Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13„), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За пристапување кон изработка на Нацрт детален урбанистички план за дел од нас.„Лиска„ Свети Николе**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се пристапува кон изработка на Нацрт урбанистички план за дел од нас.Лиска Свети Николе со опфат помеѓу ул.„Питу Гули'' ул.„Овчеполска'' колско пешачка патека''-„100'' и граница на плански опфат на постоен ДУП. Истиот е со површина од 5,02 ха.Намена домување.

**Чл.2**

Се задолжува Подносителот на иницијативата да избере лиценцирана фирма за изработка на планска програма и детален урбанистички план за соодветната урбана единица, и лиценцирана фирма за изработка на ажурирани геодетски подлоги како основа за понатамошна постапка.

**Чл.3**

Сите трошкови поврзани со изготвување на целокупната документација и ангажман на стручни лица се на товар на подносителот на иницијативата согласно чл.17 став 7 од горе споменатиот закон.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0701-864**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка на нов ДУП во м.в. "Мавровица"**

Се објавува Одлука за пристапување кон изработка на нов ДУП во м.в. "Мавровица"бр. 0701 - 865, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/3**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на чл.11 став 1 и чл.26 став 5 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ((Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13,,), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден26.11.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За пристапување кон изработка на Нацрт урбанистички план за дел од град Свети Николе УЕ5 УЕ6 и УЕ 7 локалитет ,,Мавровица**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се пристапува кон изработка на Нацрт ДУП за дел од град Свети Николе локалитет,, Мавровица'' со плански опфат помеѓу автопат Штип-Миладиновци,ул.,,112'', ул,,114''и ул.,,115'',со површина од околу 15,0ха, и намена Б5-хотели и Д3 –спрт и рекреација.

**Чл.2**

Се задолжува Подносителот на иницијативата да избере лиценцирана фирма за изработка на планска програма и детален урбанистички план за соодветната урбана единица, и лиценцирана фирма за изработка на ажурирани геодетски подлоги како основа за понатамошна постапка.

**Чл.3**

Сите трошкови поврзани со изготвување на целокупната документација и ангажман на стручни лица се на товар на подносителот на иницијативата согласно чл.17 став 7 од горе споменатиот закон.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во Службен гласник на Општина Лозово.

**Бр. 0701-865**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на член на**

**Совет за јавно здравје**

Се објавува Одлука за разрешување и именување на член на Совет за јавно здравје бр. 0701 - 866, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/4**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2) како и член 18 став 3 од Законот за јавно здравје Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За разрешување и именување на член на Советот за јавно здравје**

**Член 1**

Од функцијата член на Советот за јавно здравје се разрешува **Весна Глигорова**

**Член 2**

За член на Советот за јавно здравје се именува **Д-р Николина Крстева Симонова** како претставник од Центарот кој го покрива подрачјето на Општина **Свети Николе** од областа на јавното здравје.

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-866** **Совет на Општина Свети Николе**
**26.11.2013год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈП “Погребални услуги” – Свети Николе**

Се објавува Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈП “Погребални услуги” – Свети Николе бр. 0701 - 867, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/5** **Градоначалник,**
**26.11. 2013 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) како и член 17 став 2 од Законот за Јавните Претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. бр.38/96,6/02,40/03, 49/06,22/07 83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За именување на членови на Управниот одбор на ЈП “Погребални Услуги” Св. Николе**

**Член 1**

За членови на Управниот Одбор на ЈП “Погребални Услуги” – Свети Николе со право на уште еден мандат се именуваат:

- **Илчо Јанчев**
- **Илија Тошев**
- **Илија Јакимов**

**Член 2**

Мандатот на членовите на Управниот Одбор е со траење од **4** (**четири**) години

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-867** **Совет на Општина Свети Николе**
**26.11.2013год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор на ЈП “Погребални услуги” – Свети Николе**

Се објавува Одлука за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор на ЈП “Погребални услуги” – Свети Николе бр. 0701 - 868, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/6**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) како и член 26 став 2 од Законот за Јавните Претпријатија (Сл.Весник на РМ бр. 38/96,6/02,40/03, 49/06,22/07 83/09,6/12), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За именување и разрешување на членови на Надзорниот Одбор на ЈП “Погребални Услуги – Свети Николе**

**Член 1**

Од функцијата член на Надзорниот одбор во ЈП “Погребални Услуги” – Свети Николе се разрешува

- **Стефан Марков**

**Член 2**

За членови на Надзорниот Одбор на ЈП “Погребални Услуги” се именуваат:

**-Јонче Стојанов**
**-Катерина Андонова**

**Член 3**

Мандатот на членовите на Надзорниот Одбор е со траење од **4 (четири**) години

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-868**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на член на Училишниот Одбор на СОУ “Кочо Рацин” – претставник на Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за разрешување и именување на член на Училишниот Одбор на СОУ “Кочо Рацин” – претставник на Општина Свети Николе бр. 0701 - 869, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година

**Бр. 0801- 880/7**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 како и член 22 став 1 точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) а во врска со член 88 став 5 од Законот за средно образование Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За разрешување и именување на член на Училишен одбор на СОУ “Кочо Рацин” – Свети Николе**

**Член 1**

Се разрешува **Адријана Ордева** од функцијата член на Училишниот одбор на СОУ Кочо Рацин - Свети Николе како претставник од основачот-Општина Свети Николе.

**Член 2**

**Александар В. Арсов** се именува за член на Училишниот одбор на СОУ “Кочо Рацин” – Свети Николе како претставник од основачот- Општина Свети Николе.

**Член 3**

Мандатот на именуваниот член на Училишниот одбор на СОУ “Кочо Рацин” – Свети Николе е со траење од **4 (четири**) години со право на уште еден избор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-869**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на – Одлука за разрешување и именување на член на Совет на млади**

Се објавува – Одлука за разрешување и именување на член на Совет на млади бр. 0701 - 870, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/8**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) а во врска со Одлуката за именување на членови на Советот на Млади на Општина Свети Николе бр.0701-814 од 30.10.2013 година Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За разрешување и именување на член на Советот на Млади на Општина Свети Николе**

**Член 1**

Од функцијата член на Советот на млади на Општина Свети Николе се разрешува **Тамара Ѓорева.**

**Член 2**

За нов член на Советот на млади на Општина Свети Николе се именува **Теодора Петрова.**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-870**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за распишување конкурс за изработка на идејно решение за грб и знаме на Општина Свети Николе бр.0701-749 од 24.09.2013 година**

Се објавува Одлука за дополнување на Одлуката за распишување конкурс за изработка на идејно решение за грб и знаме на Општина Свети Николе бр.0701-749 од 24.09.2013 година - бр. 0701 - 871, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/9**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), како и член 5 од Статутот на Општина Свети Николе (Сл.Гласник на Општина Свети Николе бр.1/06) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013година донесе:

**О Д Л У К А**

**За Изменување и Дополнување на Одлуката за распишување конкурс за изработка на идејно решение за грб и знаме на Општина Свети Николе бр.0701-749 од 24.09.2013.**

**Член 1**

Одлуката за распишување на конкурс за изработка на идејно решение за грб и знаме бр.0701-749 од 24.09.2013 се менува во член 5 така што текстот од став 1 се менува со нов текст кој гласи: Конкурсот за изработка на идејно решение за грб и знаме на Општината се објавува во најмалку две печатени јавни гласила со рок на траење од 35 дена од денот на објавувањето и право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија.

**Член 2**

Во член 6 текстот од постојниот став станува став 2 и се додава нов став 1 кој гласи: Постапката за утврдување на грб и знаме на Општина Свети Николе ќе ја спроведе Комисија од Претседател и шест члена.

**Член 3**

После член 8 се додава нов член 9 кој гласи: Грбот и знамето на Општината можат да се употребуваат по нивниот упис во Регистарот на грбовите и знамињата на општините во Република Македонија што се води при Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

Постојниот член 9 станува член 10.

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-871**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе, во 2014 година**

Се објавува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе, во 2014 година бр. 0701 - 872, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/10** **Градоначалник,**
**26.11. 2013 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” бр. 26/96, 40/99, 96/2000, 29/02, 68/04 и 84/2008), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Свети Николе, во 2014 година**

**Општи одредби:**

**Оваа Програма претставува синтеза помеѓу потребите за одржување на постојната локална патна мрежа, нејзината неопходна реконструкција како и планирањата за изградба на нови локални патишта на ниво на општина Свети Николе од една страна, како и изградба, одржување и реконстрикција на улиците во град Св.Николе и пошироко во општината.**

Потребите од пробивање, модернизација и одржување (тековно и инвестиционо) на локалните патни правци отсекогаш биле и се од перманентно значење за комуникација помеѓу населените места во општината. Исто така, патот заедно со водоснабдувањето и неки други основни предуслови за живот на човекот се основните потерби за развојот на стопанските капацитети од сите сфери на животот. Во таа насока, општината Свети Николе како земјоделско сточарски регион во распространето ридско планонско подрачје, со доизградбата на потребната локална патна мрежа до сите населени места може да претендира на подинамичен развој, особено на сточарството, полјоделството, ловот, и планинскиот туризам во северозападниот дел на општината во така нараченииот “Ѓуришки регион”.

Без постоењето на соодветна патна мрежа комуникацијата помеѓу луѓето, размената на добра, дотурот на стока, а со тоа и секаква појава и иницијатива би се соочила со плоблеми уште во стартот. Токму од тие причини општина Свети Николе, посветува исклучително внимание на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на постоечката патна мрежа, но ќе се залага за пробивање и изградба на локална патна мрежа до населените места каде тоа досега се уште не е сторено.

Потребите за развојот на локалната патна мрежа се уште се големи иако досега постигнатите резултати посебно во последните десетина годинни се видливи и дадоа друг белег на Општината. Ако кон сето ова се додаде и нејзината географска местоположба и потербата од регионално и магистрално поврзување на целиот источен регион кон главниот град на Република Македонија , кој според сите природни правци логички би било да поминуваат низ општината Свети Николе, тогаш се добива слика за потребите од развојот на патната мрежа во општината н сите правци.

**<u>Локални патни правци за одржување :</u>**

**Во општина Свети Николе, како локални патни правци се утврдени:**

- **Локален пат број 1, од село Амзибегово, спој со регионален пат Р-105, до село Црнилиште,** во должина од 3,56 км, ширина на коловозот 3,50 м асфалт и додатни банкини од по 1,00 метар од двете страни на патот; делумно 1,8 км
- **Локален пат број 2, од село Црнилиште до спојот со магистралниот пат М-5 кај село Сарамзалино,** во должина од 2,74 км, изработен од тампониран слој на чакал, од кој асфалтирана е делница од 1,3км;
- **Локален пат број 3, од село Пеширово до село Црнилиште,** во должина од 1,4 км, и ширина на коловозот од 5,5 м, асфалтиран
- **Локален пат број 4, спој од регионален пат Р-105, кон село Ерџелија до село Мустафино ,** во должина од 7,7 км и ширина на коловозот од 5м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;

- **Локален пат број 5, од село Ерџелија кон село Кадрифаково** до спојот со магистралниот пат М-5 кај, во должина од 2,5,км и ширина на коловозот од 5,5 м изработен од тампониран слој на чакал;
- **Локален пат број 6, од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Д.Ѓуѓанци,** во должина од 3,15 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 7, спој од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Стањевци,** во должина од 3,1км, ширина на коловозот од 5,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 8, од Свети Николе до село Кнежје,** во должина од 2,51 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 9, од село Горобинци до село Сопот,** во должина од 3,42км, ширина на коловозот од 3,50 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 10, од село Сопот преку село Преод до село Малино,** должина од 10,87 км, ширина на коловозот од 3,5 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 11, спој со магистрален пат" Овче Поле"до село Богословец,** во должина од 4,7 км, ширина на коловозот од 5,00 м тампонирана;
- -**Локален пат број 12, од село Преод до село Крушица,** во должина од 3,5 км, земјен пат;
- **Локален пат број 13, спој со магистрален пат М-5 кај" Овче Поле", до село Делисинци,** во должина од 2,5 км, ширина на коловозот од 5,00 м земјен пат;
- **Локален пат број 14, од село Д.Ѓуганци до село Г.Ѓуѓанци**, во должина од 3 км пробиен патен правец;
- **Локален пат број 15, од село Г.Ѓуѓанци до село Строиманци,** во должина од 3,2 км, исто така пробиен
- **Локален пат број 16, од село Немањици до село Макреш,** во должина од 5,64 км, непробиен;
- **Локален пат број 17, спој со регионален пат Р-210, кај село Мечкуевци до село Ранченци** во должина од 1,4 км, и ширина на коловозот од 5 м , асвалтиран;
- **Локален пат број 18, од село Ранченци до село Патетини,** во должина од 3,2 км, и ширина на коловозот од 4 м - асфалтиран; да
- **Локален пат број 19, од село Немањици преку Буриловци до село Ерџелија,** во должина од 14,1 км, земјен пат;
- **Локален пат број 20, од село Буриловци преку село Арбасанци до село Стануловци** во должина од 4,2 км непробиен земјен пат;
- **Локален пат број 21, од село Малино преку Алакинци до село Стањевци,** во должина од 6,7км , непробиен земјен пат;
- **Локален пат број 22, спој од регионален пат Р-201, кој село Мездра до село Орел во** должина од 3,51 км и ширина на коловозот од 3 м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
- **Локален пат број 23,село Крушица до спој со пат Малино-Сушица,** во должина од 4 км тампониран, од кој 2,0 км е и асфалтиран.

**<u>Локални патни правци за реконструкција и планирана изградба:</u>**

**Во општина Свети Николе, како локални патни правци се утврдени:**

- **Локален пат број 1, од село Амзибегово, спој со регионален пат Р-105, до село Црнилиште,** во должина од 1,76 км, ширина на коловозот 3,50 м асфалт и додатни банкини од по 1,00 метар од двете страни на патот;
- **Локален пат број 4, спој од регионален пат Р-105, кон село Ерџелија до село Мустафино ,** во должина од 7,7 км и ширина на коловозот од 5м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
- **Локален пат број 6, од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Д.Ѓуѓанци,** во должина од 3,15 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 7, спој од регионален пат Р-201, кај место викано "Пусто Валевци" до село Стањевци,** во должина од 3,1км, ширина на коловозот од 5,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;

- **Локален пат број 8, од Свети Николе до село Кнежје,** во должина од 2,51 км, ширина на коловозот од 3,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 9, од село Горобинци до село Сопот,** во должина од 3,42км, ширина на коловозот од 3,50 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 10, од село Сопот преку село Преод до село Малино,** должина од 10,87 км, ширина на коловозот од 3,5 м изработен од асвалт и банкини два пати по 1м;
- **Локален пат број 11, спој со магистрален пат" Овче Поле"до село Богословец,** во должина од 4,7 км, ширина на коловозот од 5,00 м тампонирана;
- -**Локален пат број 12, од село Преод до село Крушица,** во должина од 3,5 км, земјен пат;
- **Локален пат број 13, спој со магистрален пат М-5 кај" Овче Поле", до село Делисинци,** во должина од 2,5 км, ширина на коловозот од 5,00 м земјен пат;
- **Локален пат број 14, од село Д.Ѓуганци до село Г.Ѓуѓанци**, во должина од 3,0 км пробиен патен правец;
- **Локален пат број 15, од село Г.Ѓуѓанци до село Строиманци,** во должина од 3,2 км, исто така пробиен
- **Локален пат број 16, од село Немањици до село Макреш,** во должина од 5,64 км, непробиен;
- **Локален пат број 18, од село Ранченци до село Патетини,** во должина од 3,2 км, и ширина на коловозот од 4 м - асфалтиран; да
- **Локален пат број 19, од село Немањици преку Буриловци до село Ерџелија,** во должина од 14,1 км, земјен пат;
- **Локален пат број 20, од село Буриловци преку село Арбасанци до село Стануловци** во должина од 4,2 км непробиен земјен пат;
- **Локален пат број 21, од село Малино преку Алакинци до село Стањевци,** во должина од 6,7км , непробиен земјен пат;
- **Локален пат број 22, спој од регионален пат Р-201, кој село Мездра до село Орел во** должина од 3,51 км и ширина на коловозот од 3 м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по 1м;
- **Локален пат број 23,село Крушица до спој со пат Малино-Сушица,** во должина од 4 км тампониран, од кој 2,0 км е и асфалтиран.

**Од вкупно 100,6 км локална патна мрежа кој се во надлежност на Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина на општина Свети Николе, 9,84 км пат веќе се асфалтирани, додека останатите според некаков приоритет допрво ќе треба да се реконструираат т.е. изградат.**

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Свети Николе, за 2014 година како извори за финансирање ќе ги има следниве:

| А. | **ИЗВОРИ НА ФИНАСИРАЊЕ** | |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Трансфери од магистрални и регионални патишта | 3.800.000,00 |
| . | | |
| | **Вкупно:** | **3.800.000,00** |

**Вака планираните средства во 2014 година ќе бидат потрошени за изградба на нови и одржување на постоечките локални патишта и улици како и за зимско одржување во тековната година и тоа по следниот распоред на:**

| | | **Р А С Х О Д И** | |
|---|---|---|---|
| **ЈД** | **ЈД 0** | **Изградба и реконструкција на локалн патиштаи улици** | |
| | | Санација и реконструкција на улични површини во градот | 2.800.000,00 |
| | | Зимско одржување на локални патишта и улици | 1.000.000,00 |
| | | | |
| | | | |
| | | **Се вкупно:** | **3.800.000,00** |
| | | | |

Реализацијата на ова Програма воглавно ќе зависи од приливот на планираните средства во сите ставки од приходите.

Доколку не се обезбедат палнираните средства, општина Свети Николе ќе определи приоритет на планираните објекти по оваа Програма, како и степенот на реализација во рамките на обезбедените финансиски средства и други предуслови за отпочнување на работа. По потреба Програмата може да биде дополнувана, променувана

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

Оваа Програма стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Св.Николе".

**Совет на Општина Свети Николе**
**Бр.0701-872** **Претседател,**
**Свети Николе** **Илија Стоилев с.р.**
**26 .11.2013 год.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈП "Погребални услуги" за период од 01.01. до 30.09. 2013 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈП "Погребални услуги" за период од 01.01. до 30.09. 2013 година бр. 0701 - 873, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/11** **Градоначалник,**
**26.11. 2013 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Зоран Тасев** ***с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈП "Погребални услуги" за период од 01.01. до 30.09. 2013 година**

1. Советот на Општина Свети Николе го усвои Заклучокот за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈП "Погребални услуги" за период од 01.01. до 30.09. 2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр.0701 - 873**
**26.11. 2013 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на ЈОУ – Детска Градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе**

Се објавува Одлука за давање согласност на Статутот на ЈОУ – Детска Градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе бр. 0701 - 874, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/12**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) како и член 32 став 4 од Законот за установи (Службен весник на РМ бр.32/05), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Статутот на ЈОУ – Детска Градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Статутот бр. 01-232 од 21.11.2013 година на ЈОУ Детската градинка "Рахилка Гонева" – Свети Николе донесен од Управниот одбор на установата.

**Член 2**

Статутот на ЈОУ "Рахилка Гонева" – Свети Николе да се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701-874** — **Совет на Општина Свети Николе**
**26.11.2013год.** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за Организација и Систематизација на работните места на јавните службеници во ЈОУ – Детска Градинка “Рахилка Гонева” – Свети Николе**

Се објавува Одлука за давање согласност на Правилникот за Организација и Систематизација на работните места на јавните службеници во ЈОУ – Детска Градинка “Рахилка Гонева” – Свети Николе
бр. 0701 - 875, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/13** — **Градоначалник,**
**26.11. 2013 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) како и член 32 став 4 од Законот за установи (Службен весник на РМ бр.32/05), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Правилникот за Организација и Систематизација на работните места на јавните службеници во ЈОУ – Детска Градинка “Рахилка Гонева” – Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Правилникот бр. 01-233 од 21.11.2013 година на ЈОУ Детската градинка “Рахилка Гонева” – Свети Николе донесен од Управниот одбор на установата.

**Член 2**

Правилникот на ЈОУ “Рахилка Гонева” – Свети Николе да се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

Бр. 0701-875
26.11.2013год.
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседател,
Илија Стоилев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка на Нацрт урбанистички план за дел од МЗ 1 град Свети Николе**

Се објавува Одлука Одлука за пристапување кон изработка на Нацрт урбанистички план за дел од МЗ 1 град Свети Николе бр. 0701 - 876, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/14**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на чл.11 став 1 и чл.26 став 5 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ((Сл.весник на РМ 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13„), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За пристапување кон изработка на Нацрт урбанистички план за дел од МЗ 1 град**

**Свети Николе**

**Чл.1**

Со оваа Одлука се пристапува кон изработка на Нацрт детален урбанистички план за дел од град Свети Николе, МЗ „1“ со плански опфат помеѓу речно корито на „Горобинска Река, ул. „Маршал Тито“, со површина од 2.20 ха и со пвеќе намени

**Чл.2**

Се задолжува Подносителот на иницијативата да избере лиценцирана фирма за изработка на планска програма и детален урбанистички план за соодветната урбана единица, и лиценцирана фирма за изработка на ажурирани геодетски подлоги како основа за понатамошна постапка.

**Чл.3**

Сите трошкови поврзани со изготвување на целокупната документација и ангажман на стручни лица се на товар на подносителот на иницијативата согласно чл.17 став 7 од горе споменатиот закон.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

Бр. 0701-876 Совет на Општина Свети Николе
26.11.2013год. Претседател,
Свети Николе Илија Стоилев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка ”Рахилка Гонева” Свети Николе за учебната 2013/2014 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка ”Рахилка Гонева” Свети Николе за учебната 2013/2014 година бр. 0701 - 877, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/15 Градоначалник,**
**26.11. 2013 год. на Општина Свети Николе**
**Свети Николе Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26. 11. 2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка ”Рахилка Гонева” Свети Николе за учебната 2013/2014 година**

1. Се усвојува Годишна програма за работата на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка ”Рахилка Гонева” Свети Николе за учебната 2013/2013 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701 - 877 Претседател,**
**26.11. 2013 година на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување на член во Управниот одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе**

Се објавува Решение за разрешување на член во Управниот одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе бр. 0701 - 878, што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/16**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 26.11. 2013 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на член во Управниот одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе**

1.Од должноста член на Управниот одбор на ЈКП ”Комуналец” Свети Николе се разрешува:

- Благица Ласовска

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701- 878**
**26 .11. 2013година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе,, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за обезбедување на средства во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година за исплата на надоместок во постапките за одземање на право на користење на градежно земјиште**

Се објавува Одлука за обезбедување на средства во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година за исплата на надоместок во постапките за одземање на право на користење на градежно земјиште бр. 0701 - 879, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.11. 2013 година.

**Бр. 0801- 880/17**
**26.11. 2013 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
**Зоран Тасев *с.р.***

**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.Весник на РМ бр.64/05, 20080) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.11.2013година донесе:**

**О Д Л У К А**

**За обезбедување на средства во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година за исплата на надоместок во постапките за одземање на право на користење на градежно земјиште**

**Член 1**

**Советот на Општина Свети Николе дава согласност во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година да се обезбедат средства за исплата на надоместок за одземање право на користење на градежно земјиште на КП бр.9504 КО Свети Николе и КП бр.9860 КО Свети Николе.**

**Член 2**

**Вкупниот износ на средсвата од член 1 од оваа Одлука е 699.501,00 денари од кои што 62.361,00 денари ќе се обезбедат за исплата на надоместок во постапката за одземање на корисничко право на градежно земјиште на КП бр.9860 КО Свети Николе, а износ од 637.140,00 денари ќе се обезбеди за исплата на надоместок во постапката за одземање на корисничко право на градежно земјиште на КП бр.9504 КО Свети Николе.**

**Член 3**

**Средствата да се исплатат од програмата Ф2 ( Уредување на градежно земјиште) ставка 485 потставка 485 420( надомест за одземен имот).**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Свети Николе,, и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2014 година.**

**Бр. 0701-879**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1.**Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2013 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

2.Одлука за пристапување кон изработка на ДУП за дел од населба “Лиска”; . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.2

3.Одлука за пристапување кон изработка на нов ДУП во м.в. “Мавровица” . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.3

4.Одлука за разрешување и именување на член на Совет за јавно здравје. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.4

5.Одлука за именување на членови на Управниот одбор на ЈП “Погребални услуги” – Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.5

6.Одлука за разрешување и именување на членови во Надзорниот Одбор на ЈП “Погребални услуги” – Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6

7.Одлука за разрешување и именување на член на Училишниот Одбор на СОУ “Кочо Рацин” – претставник на Општина Свети Николе . . . . . . . . . .стр.7

8.Одлука за разрешување и именување на член на Совет на млади . . . . . .стр.8

9.Одлука за дополнување на Одлуката за распишување конкурс за изработка на идејно решение за грб и знаме на Општина Свети Николе бр.0701-749 од 24.09.2013 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.9

10.Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе, во 2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.10

11.Извештај за материјално-финансиското работење на ЈП “Погребални услуги” за период од 01.01. до 30.09.2013 година. . . . . . . . . . . . . . .стр.14

12.Согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка “Рахилка Гонева” Свети Николе . . . . . . . . . . . стр.14

13.Согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на јавните службеници во Јавната општинска установа за деца – Детска градинка “Рахилка Гонева” Свети Николе . . . . . . . . . . .стр.15

14.Одлука за пристапување кон изработка на Нацрт урбанистички план за дел од МЗ 1 град Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.16

15.Програма за работата на Јавната установа за деца – Детска градинка “Рахилка Гонева за 2013/2014 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.17

16.Решение за разрешување на член во Управниот одбор на ЈКП “Комуналец” Свети Николе. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.18

17.Одлука за обезбедување на средства во Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година за исплата на надоместок во постапките за одземање на право на користење на градежно земјиште. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .стр.19

**Бр. 0701-881**
**26.11.2013год.**
**Свети Николе**